ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ А.Д. - СКОПЈЕ
HEKURUDHAT E MAQEDONIŚË SË VERIUT TRANSPORT SHA – SHKUP

Број:207/1-1/1
00 .00.2025 година

БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

со содржани:

- **Инвестициони програми за 2025, 2026,2027,2028 и 2029 година**
- **Финансиска програма за 2025 година**
- **Петгодишен план за период од 2025-2029 година**

Скопје, Февруари 2025 година


Skopje
EMU Shown

С О Д Р Ж И Н А

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ 5

2. ТРАНСПОРТНИ КАПАЦИТЕТИ 10

3. ОБЕМ НА ПРЕВОЗ 13

-ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

-ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ

4. ВРАБОТЕНОСТ 19

5. ПЛАТИ 21

6. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ 24

7. ИНВЕСТИЦИИ 27

8.ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА НА ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА 36

9. ПЕТГОДИШЕН ПЛАН НА ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ ЗА 2024-2028 ГОДИНА 38

-ОБЕМ НА ПРЕВОЗ

-ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ

-ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

10. ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА 42

11.ВРАБОТЕНОСТ 46

12.ПЛАТИ 48

13. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ 49

14.РЕЗИМЕ 50

Л Е Г Е Н Д А	
Кратенка	**Опис**
РИВ	Меѓународни прописи за взаемно користење на товарни вагони што исполнуваат технички карактеристики по одредбите на УИЦ и прописите за употреба на вагони во меѓународен железнички сообраќај.
АВВ	Општ договор за користење товарни вагони
УИЦ	Меѓународна унија на железници
ГП	Главна поправка
ТО	Тековно одржување
ИО	Инвестиционо одржување
ВП	Вонпланска поправка
ДМВ	Дизел моторен воз
ЕМВ	Електро моторен воз
ДМГ	Дизел моторна гарнитура
ЕМГ	Електро моторна гарнитура
ПКМ	Патнички километри
НТКМ	Нетотонски километри
БТКМ	Брутотонски километри

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Со **Одлука за основање на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје** од 08.05.2007 година, донесена од Владата на Р.Македонија како и со **Статутот на Акционерското Друштво**, се дадени сите основни показатели за субјектот - транспорт со железнички влечни и возни средства:

- **Фирма и седиште на Друштвото,** како правен следбеник на ЈП Македонски Железници - Ц.О. Скопје запишано во централниот регистар на Р.Македонија под бр. 30120060000928, со своја сметка и свое име со назив на македонски **Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје**, или скратен назив **ЖРСМ Транспорт АД-Скопје**. Назив на фирмата на Дрштвото на албански јазик е **Hekurudhat e Republikës se Maqedonisë së Veruit Transport SHA-Shkup**, односно скратен назив на фирмата на албански јазик е **HRMV Transport SHA-Shku**p**.** Друштвото ќе работи и учествува во меѓународниот промет под фирмата **Railways of the North Macedonia Transport JSC - Skopje**, односно скратен назив на фирмата во меѓународниот промет е **RRNM TRANSPORT JSC-Skopje**, свој заштитен знак, печат и штембил со седиште на Бул. Трета Македонска Бригада бр.66.


-Основач на Друштвото - е Владата на Р. Северна Македонија, со седиште на ул. Илинденска бр.2 и матичен број 4064674. Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на Република Северна Македонија преку Деловникот за работа со кој се пропишува начинот на работа и свикување на собрание на Друштвото определено со Закон како и во случај кога тоа го бара интересот на акционерите со пропишани прашања за одлучување;

- Управување со Друштвото е преку Управен Одбор (7 члена) и Надзорен Одбор (7 члена со 2 независни членови). Членовите на Надзорниот Одбор ги избира Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери. Членовите на Управниот Одбор ги избира Надзорниот Одбор. Претседателот на Управниот Одбор го застапува Друштвото и носи назив Генерален директор, а во негово отсуство го заменува еден од членовите на Управниот Одбор во својство на Заменик генерален директор. Во принцип сите членови од Управниот Одбор се во исто време и директори на соодветни ресори од делокругот на работењето на Друштвото.

- Предмет на работењето на Друштвото:

Приоритетна дејност:
49.10 - патнички железнички транспорт, меѓуградски;
49.20 - товарен железнички транспорт и;
18.11 - печатење на весници;
18.12 - друго печатење;
18.13 - услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето;
18.14 - книговезни и сродни услуги;
33.11 - поправка на фабрикувани производи од метал;
33.12 - поправка на машини;
33.13 - поправка на електронска и оптичка опрема;
33.14 - поправка на електрична опрема;
33.17 - поправка и одржување на други превозни средства;
33.18 - поправка на останата опрема;
46.71 - трговија на големо со цврсти , течни и гасовити горива и слични производи;
49.31 - градски и приградски патнички копнен транспорт;
49.39 - друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место;
49.41 - товарен патен транспорт;
49.42 - услуги за преселување;
52.10 - складирање на стока;
52.21 - услужни дејности поврзани со копнениот превоз;
52.24 - претовар на товар;

52.29 - останати придружни дејности во превозот;
58.11 - издавање на книги;
58.12 - издавање на именици исписоци на адреси;
58.13 - издавање на весници;
58.14 - издавање на списанија и периодични публикации;
58.19 - други издавачки дејности;
58.29 - издавање на останата програмска опрема;
62.01 - компјутерско програмирање;
62.02 - компјутерски консултански дејности;
62.03 - дејности на управување со компјутерска опрема;
62.09 - останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите;
63. 01 - обработка на податоци хостирање и слични дејности, интернет портали;
63.11 - обработка на податоци, хостирање и слична дејност;
63.12 - интернет портали;
63.99 – останати инфо услугжни дејности, неспомнати на друго место;
73.1 - маркетинг (реклама и пропаганда);
77.39 - изнајмување и давање под закуп (лизинг) на останати машини, опрема и материјални добра, неспомнати на други места;
85.32- техничко и стручно средно образование,
95.11 - поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема.


ЖРСМ Транспорт А.Д.-
Скопје
Надзорен Одбор
Ивица Алексовски-
Претседател
Кристина Цветковска - член
Милан Ѓорѓиевски - член
Драган Филиповски- член
Тони Димовски -член
Сеат Исмаили-член
Александра Ненић Кирилова
член
Дејан Кошутиќ- В.Д. Претседател
Игор Коруноски – В.Д.Член
Горанчо Јовановски – В.Д. Член
Јулијана Веригиќ – В.Д. Член
Димитар Стефанов –В.Д.Член
Весна Силјаноска – Трајкоска
В.Д. Член
Исен Рамадани- В.Д. Член
Менаџмент
Управен Одбор
Подружница за патнички
сообраќај
Подружница за Влеча на
возови
Подружница за товарен
сообраќај

2. ТРАНСПОРТНИ КАПАЦИТЕТИ

2.А. ТРАНСПОРТНИ КАПАЦИТЕТИ

А. Деловна политика

За извршување на планираниот обем на работа и возниот ред за 2024/2025 година ЖРСМ Транспорт АД-Скопје потребно е да располага со исправни влечни и влечени капацитети. Состојбата на влечните капацитети е на граница на техничко-технолошка експлоатациона моќност. Причините за сегашната состојба на влечните капацитети се должи на старосната структура на капацитетите, и ненавремените инвестиции во средни и големи поправки. Ова е резултат на недоволните финансиски средства неконтинуираните инвестициски вложувања во резервни делови и обнова на возниот парк. Старосната структура на влечните капацитети го оптоварува експлоатациониот процес, ја зголемува потрошувачката на енергенсите и ги зголемува празните возења на истите. Дизел локомотивите од серијата 661 се со просечна старост поголема од 60 години што значи дека е изминат техничкиот и експлоатациониот век. Нешто подобра е состојбата со дизел маневарските локомотиви, а подобра е и состојбата на електро локомотивите чија просечна старост изнесува повеќе од 35 години. Со набавката на четирите локомотиви , состојбата на техничко-технолошка експлоатациона моќност на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје се зголеми, трошоците на експлоатација се намалени, а со самото тоа финанасиските резултати се подобруваат. Во врска со овие 4 локомотиви вредно е да се спомне дека само една локомотива е во експолатација, а останатите се надвор од експлоатација повеќе од 1 година поради ненавремена промена на тркалата. Состојбата со ДМВ е следна: инвентарскиот парк го сочинуваат 10 гарнитури од кои 3 се во експлоатација. За да се избегне големиот трошок во патничкиот сообраќај, потребно е тој да се одвива со дизел моторни возови, наместо со дизел локомотиви и класични вагони. Состојбата на електро моторните возови е следна: инвентарскиот парк го сочинуваат 6 гарнитури од кои 2 е во експлоатација.

Б. Основни цели

Во 2025 година, се очекува да се остварат **1.070.163** возни километри од кои **705.338** возни километри во патнички сообраќај или **60,00 %** учество во вкупните возни километри и **364.835**возни километри во товарен сообраќај или **40,00 %** учество во вкупните возни километри. Во 2025 година, се очекува да се остварат **348.141** во илјади брутотонски километри. Во товарниот сообраќај ќе се реализираат **83,60 %** брткм, а во патничкиот **16,40 %** брткм. Планираниот степен на имобилизација од **85,58 %** се должи на големите и средни поправки на следните влечни средства:

- **6 електро локомотиви**
- **3 дизел локомотиви**
- **1 дизел маневарска локомотива**
- **1 дизел моторна гарнитура**

Големата и средна поправка подразбира надвор од експлоатација на влечните средства, додека квалитетното тековно и навремено одржување директно влијае на намалување на имобилизацијата што значи подобрување на расположивоста на капацитетите. Според оперативните планови за влечните капацитети и предвидениот обем на работа, потребни се следните влечни капацитети:

- **10 електро локомотиви**
- **5 дизел локомотиви**
- **5 маневарски локомотиви**
- **8 ДМВ**
- **4 ЕМВ**

СОСТОЈБА НА ВЛЕЧНИТЕ ВОЗИЛА СО НОВИ ИЗМЕНИ РЕГУЛАТИВИ И СИГУРНОСТ (МЖТ – СМС -3/1 01.2020г. – ПРИЛОГ 4)

ВЛЕЧНИ КАПАЦИТЕТИ
Состојба со 31.12.2024 год.

ДИЗЕЛ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 661
Во инвентарскиот парк на ЖРСМ Транспорт АД се наоѓаат 14 локомотиви од кои 2 се во сообраќај.

ДИЗЕЛ МОТОРНИ ВОЗОВИ СЕРИЈА 711
Инвентарскиот парк на Д.М.В 711 го сочинуваат 4 дизел моторни гарнитури од кои 3 се во сообраќај.

ДИЗЕЛ МОТОРНИ ВОЗОВИ СЕРИЈА 712
Инвентарскиот парк на Д.М.В 712 го сочинуваат 6 дизел моторни гарнитури. Во сообраќај нема.

ДИЗЕЛ МАНЕВАРСКИ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 642
Инвентарскиот парк го сочинуваат 7 локомотиви од кои 2 се во сообраќај.

ДИЗЕЛ МАНЕВАРСКИ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 643
Инвентарскиот парк го сочинува 1 локомотива истата е во сообраќај.

ДИЗЕЛ МАНЕВАРСКИ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 621
Инвентарскиот парк го сочинуваат 2 локомотиви од кои во сообраќај е 1.

ДИЗЕЛ ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 667
Инвентарскиот парк го сочинува 2 локомотиви: Во сообраќај нема.

ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 441
Инвентарскиот парк го сочинуваат 8 локомотиви од кои 1 е во сообраќај.

ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 442
Инвентарскиот парк го сочинуваат 3 локомотиви: Во сообраќај нема.

ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 443
Инвентарскиот парк го сочинуваат 4 локомотиви од кои во сообраќај се 2.

ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 461
Инвентарскиот парк го сочинуваат 3 локомотиви. Во сообраќај нема.

ЕЛЕКТРО ЛОКОМОТИВИ СЕРИЈА 462
Инвентарскиот парк го сочинуваат 2 локомотиви од кои во сообраќај е 1.

ЕЛЕКТРО МОТОРЕН ВОЗ СЕРИЈА 411
Инвентарскиот парк го сочинуваат 2 гарнитури. Во сообраќај се 2.

ЕЛЕКТРО МОТОРНИ ВОЗОВИ СЕРИЈА 412
Инвентарскиот парк го сочинуваат 4 гарнитури: Во сообраќај нема.

ВЛЕЧЕНИ КАПАЦИТЕТИ

А. ПАТНИЧКИ ВАГОНИ

Инвентарскиот парк во патнички вагони брои 45 вагони во чиј состав се наоѓаат следните серии вагони:

Серија на вагон	**A** (седечки)	**Ar** (бифе)	**B** (седечки)	**Bc** (кушет)	**Bl** (спални)	**Салон**	**Вкупно**
Инвентарски парк	8	1	22	11	2	1	**45**
Неработен возен парк	7	1	17	9	2	1	**37**
Поправка + реконструкција	7	1	16	8	2	1	**35**
Касација			3	1			**4**
Вагони во сообраќај	1		3				**4**

Вкупниот инвентарски вагонски парк изнесува 45 вагони, од кои само 6 вагони (вагони со важечка ревизија) се работен вагонски парк.

Останатите вагони се во неработен вагонски парк (се неактивни), бидејќи согласно Правилниците со кои е регулиран начинот на одржување и роковите истите чекаат на тековно и инвестиционо одржување.

Состојба на вагони заклучно со датум 31.10.2024 година.

Б. ТОВАРНИ ВАГОНИ

Вкупниот инвентарски парк на товарните вагони изнесува 1382 вагони. Од кои со важечка ревизија се 510 вагони, за ревизија доспеваат 870 вагони (од сите серии) согласно Правилникот 241 и важечките стандарди на УИЦ и АВВ Прилог 11.

Состојба на товарни вагони по серии на ден 07.11.2024година

Серија	T	G	H	K	R	S	E	Z	F	U	Вк.
Вкупно	11	28	40	107	273	109	443	195	159	17	**1382**
Вагони за ревизија	11	27	40	102	102	23	231	175	142	17	**870**
Вагони со важечка ревизија	0	1	0	5	171	86	212	20	17	0	**510**

Освен 150-те нови вагони од серија S и E ,структурата и видот на товарните вагони не одговара во целост на потребите за превоз по видови на стока. Старосната структура е неповолна, експлоатациониот век се движи помеѓу 37-42 години, што спрема бараните стандарди на УИЦ и РИВ потребно е истите да се реконструираат, а дел од нив да се касираат.

3. ОБЕМ НА ПРЕВОЗ ВО 2025

А.Патнички сообраќај





Деловна политика

ред. бр.	о п и с	Извршување Проценка 2024	План 2025
1.	**Превезени патници во**	170.601	**250.215**
	-локален превоз	170.601	250.215
	-меѓународен превоз	0	0
2.	**ПКМ (патнички километри) во**	**18.796.166**	**25.061.554**
	-локален превоз	18.796.166	25.061.554
	-меѓународен превоз	0	0
3.	**Просечен превезен пат во (км)**	**111,00**	**111,00**

Во 2024 година, во првите 9 месеци се превезени **170.601** патници. До крајот на истата се очекува да се превезат околу **227.468** патници. Малиот тренд на зголемување на бројот на превезени патници до 30.09.2024 година, се должи на откажување на еден пар патнички воз за Гевгелија .

Овие возови се откажуваат поради недостаток на возни средства.Поради истата причина (недостаток на возни средства) во тековната 2024 година не сообраќаа возови на следните релации: Скопје – Кочани – Скопје, Скопје – Кичево – Скопје, Скопје – Приштина – Скопје,Скопје-Табановци-Скопје.

Врз основа на моменталната бројна состојба на исправни возни средства планирани да сообраќаат во 2024 година, како и врз основа на планираниот Возен ред за 2024/2025година во кој нема да сообраќаат возови за Кичево, Кочани, за Табановце и возови во меѓународен сообраќај, се предвидува зголемување на бројот на превезени патници за релации каде возовите сообраќаат, и се очекува оваа бројка да биде **250.215** патници и сите во локален превоз на патници и да се реализираат **25.061.554** патнички километри.Додека пак, во меѓународен сообраќај за Возен ред 2024/25 година се планирани меѓународни патнички возови.

Главна цел за 2025 година е подобрување на квалитетот на услугата и зголемување на бројот на патници преку модернизација и маркетинг.

За постигнување на оваа цел ќе се направи оптимизација на редовите на возење според побарувачката. Се планира да се воведат нови дигитални решенија за резервации и билети. Исто така се планираат инвестиции во модернизација на вагоните за подобрено корисничко искуство и промоција на железничкиот транспорт како економски и еколошки избор.

Во делот на подобрување на функционалноста, искористеноста и ефикасноста на возниот парк преку реструктурирање, модернизација, и оптимизација ќе се превземат следните активности:

- **Изработка на детален план за одржување, ремонт и модернизација на локомотивите и вагоните.**
- **Намалување на процентот на имобилизација преку инвестиции во поправка и сервисирање.**
- **Дигитализација на процесите за следење на активноста на возниот парк.**
- **Воведување на еколошки и енергетски поефикасни технологии.**
- **Купување на нови возила за покривање на зголемените побарувања.**

Во врска со обезбедувањето на финансиски средства за реализација на планираните инвестиции во возни средства за потребите на патничкиот сообраќај, а согласно Законот за железнички систем, потребно е интензивирање на активностите на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје во соработка со ресорното министерство во насока на изнаоѓање на начини за дополнително финансирање (покрај средствата предвидени со Буџет) за нови вложувања во возниот парк, негово обновување или модернизирање на истиот.

Како најприоритетно да биде набавка на нови патнички гарнитури и влечни средства - локомотиви, извршување на средна поправка на вагоните и патничките гарнитури кои чекаат на истото за да се зголеми активниот возен парк при што ќе се добие во квалитет и квантитет на патничките услуги.

ВОЗЕН РЕД 2024/2025-ВОЗОВИ ВО ЛОКАЛЕН И МЕЃУНАРОДЕН ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

Ред. број	Број на воз	Вид на воз	Релација на сообраќај	Сооб. ранг	Тариф. ранг	Забелешка	Стр.
1	2	3	4	5	6	7	8
1	600	Интер-регион.	Велес – Табановце	Пат.	Пат.		
2	601	Интер-регион.	Табановце – Велес	Пат.	Пат.		
3	611	Интер-регион.	Скопје– Гевгелија	Пат.	Пат.		
4	630	Интер-регион.	Гевгелија – Скопје	Пат.	Пат.		
5	631	Интер-регион.	Скопје – Гевгелија	Пат.	Пат.		
6	632	Интер-регион.	Гевгелија – Скопје	Пат.	Пат.		
7	640	Интер-регион.	Битола – Скопје	Пат.	Пат.		
8	641	Интер-регион.	Скопје – Битола	Пат.	Пат.		
9	642	Интер-регион.	Битола – Скопје	Пат.	Пат.		
10	643	Интер-регион.	Скопје – Битола	Пат.	Пат.		
11	644	Интер-регион.	Битола – Скопје	Пат.	Пат.		
12	645	Интер-регион.	Скопје – Битола	Пат.	Пат.		
13	2080	Регионален	Велес – Скопје	Пат.	Пат.		
14	2081	Регионален	Скопје – Велес	Пат.	Пат.	**1**	
15	2082[1)]	Регионален	Велес – Скопје	Пат.	Пат.	**1**	
16	2083	Регионален	Скопје – Велес	Пат.	Пат.		
17	651	Регионален	Скопје - Кочани	Пат.	Пат.	**2**	
18	650	Регионален	Кочани - Скопје	Пат.	Пат.	**2**	
19	660	Регионален	Скопје - Кичево	Пат.	Пат.	**2**	
20	661	Регионален	Кичево – Скопје	Пат.	Пат.	**2**	

- **1) Не сообраќа во ден Недела.**
  2) Привремено не сообраќа

Б. Товарен сообраќај

Деловна политика

ОБЕМ НА РАБОТА ВО ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ

Ред. Бр.	Опис	Извршување Проценка 2024	План 2025	Индекс 2025/2024
1.	**Превезени тони во**	**808.250**	**933.528**	115,00
	-локален	571	659	115,00
	меѓународен превоз	**807.679**	932.869	115,00
	а)увоз	390.028	450.483	115,00
	б)извоз	78.528	90.700	115,00
	в)транзит	339.123	391.686	115,00
2.	**НТКМ во**	**144.998.082**	**167.472.784**	115,00
	-локален	100.354	115.909	115,00
	меѓународен превоз	**144.897.728**	**167.356.876**	115,00
	а)увоз	43.627.911	50.390.238	115,00
	б)извоз	17.167.099	19.827.999	115,00
	в)транзит	84.102.718	97.138.639	115,00

Во 2025 година, се очекува ЖРСМ Транспорт А.Д. да има зголемување на превозот во висина од 15%. Имено најголем дел од превозот во металургијата, горивата како и контејнерскиот транспорт се врши железница. За таа цел се планираат следните активности:

- Набавка на нови вагони

Спроведување на анализа на побарувачката на пазарот за одредување на типот и бројот на потребни вагони. Набавка на нови специјализирани вагони за специфични видови товар (цистерни, вагони за габаритни товари, вагони за контејнери итн.).

- Репарирање на постојните вагони

Извршување на технички преглед и селекција на вагоните кои имаат потенцијал за понатамошна употреба. Репарирање и техничка ревизија на вагоните во согласност со пазарната побарувачка и стандардите за безбедност.

- Замена и компензација на неискористени вагони

Вагоните кои бараат ревизија, репарација или поправка, а немаат идентификувана потреба за користење во среднорочен период, да се заменат или компензираат со: вагони кои се веќе репарирани, вагони кои имаат извршена средна поправка и одговараат на пазарните потреби. Изработка на долгорочен план за рационализација на вагонскиот парк според пазарните тенденции.

Ж.Р.С.М Транспорт постојано се соочува со предизвици како од внатре така и од блиското опкружување на нашата држава. Посебен проблем ни создава и реконструкција на пругите во Република Србија. Реконструкција на пругите во Република Србија директно влијаат на корисниците на нашите услуги кои се доведени во состојба да бараат алтернативни патишта за превоз при што директно се влијае на транзитот и меѓународниот превоз. Реална оцена за движењето на обемот на работа во наредниот период е потешко да се предвиди земајќи ги овие фактори и збиднувања кои директно влијаат на работењето на друштвото.

Обем на превоз во товарен сообраќај по склучени договори со корисници на железнички услуги

Комитенти	Извршување		План	Индекси 2025/2024
	2024		**2025**	
		тони	тони	тони
МАКПЕТРОЛ	Извоз			
	Увоз	80,459	96,551	**120.00**
	Транзит			
	Вкупно	**80,459**	**96,551**	**120.00**
ФЕРШПЕД	Извоз	4,451	4,896	
	Увоз	79,880	87,868	**110.00**
	Транзит	5,407	5,948	**110.00**
	Вкупно	**89,738**	**98,712**	**110.00**
МАКСТИЛ	Извоз	66,705	73,376	**110.00**
	Увоз	188,531	207,384	**110.00**
	Транзит			
	Вкупно	**255,236**	**280,760**	**110.00**
АРГО ЛОГИСТИК	Извоз	4,409	4,629	**105.00**
	Увоз	17,203	18,063	**105.00**
	Транзит	46,873	49,217	**105.00**
	Вкупно	**68,485**	**71,909**	**105.00**
ПЕАРЛ Ц.А.	Извоз	1,516	1,668	**110.00**
	Увоз	7,137	7,851	**110.00**
	Транзит	248,589	323,166	**130.00**
	Вкупно	**257,242**	**332,684**	**129.33**
РАИЛ КАРГО ХУНГАРИ	Извоз			
	Увоз	39	43	**110.00**
	Транзит	61,327	67,460	**110.00**
	Вкупно	**61,366**	**67,503**	**110.00**
ТРАНС КАРГО ЛОГИСТИК ВИЕНА	Извоз	251	276	**110.00**
	Увоз	4,312	4,743	**110.00**
	Транзит	0	0	
	Вкупно	**4,563**	**5,019**	**110.00**
ТЕСЕЛОНИКИ ПОРТ	Извоз	104	109	**105.00**
	Увоз	256	269	**105.00**
	Транзит	2,785	2,924	**105.00**
	Вкупно	**3,145**	**3,302**	**105.00**
ТРАНСА ШПЕДИТИОН БУГАРИЈА	Извоз			
	Увоз	2,399	2,639	**110.00**
	Транзит			
	Вкупно	**2,399**	**2,639**	**110.00**
ВКУПНО	Извоз	77,436	84,954	**109.71**
	Увоз	380,216	425,411	**111.89**
	Транзит	364,981	448,714	**122.94**
	Вкупно	**822,633**	**959,079**	**116.59**

ВОЗОВИ ПРЕДВИДЕНИ ПО РЕДОТ ЗА ВОЗЕЊЕ ЗА 2023/2024год.

(товарен сообраќај)

Број на воз	Релација на сообраќај	Редовност	оптеретување	
Пруга 1: Табановци-Скопје(Трубарево)-Гевгелија				
40760	Синдос-Сопрон	Р	Q=1300т	1
40764	Солун-Сопрон	Ф	Q=1300т	1
40766	Пиреа-Братислава	Р	Q=1200т	1
40874	Синдос-Куртичи	Ф	Q=1300т	1
40878	Пиреа-Келебиа	Р	Q=1200т	1
41700	Иконион Пор.-Београд Сур	Р	Q=1200т	1
42700	Трубарево-Врање	Ф	Q=800т	1
42710	Трубарево-Црвени Крст	Ф	Q=1300т	1
44700	Солун-Белград Р.	Р	Q=1200т	1
45200	Солун-Трубарево	Р	Q=1300т	1
45202	Солун-Трубарево	Ф	Q=1300т	1
45240	Солун-Градско	Ф	Q=1300т	1
45700	Трубарево Отпр.-Ниш Р.	Р	Q=1300т	1
45702	Трубарево Отпремна-Ниш ранж	Р	Q=1300т	1
45704	Скопје Југ-Ниш Р.	Ф	Q=1300т	1
45712	Трубарево-Белград Р.	Р	Q=1300т	1
45720	Скопје Југ-Прахово	Ф	Q=1000т	1
46860	Солун-Будимпешта Ф.	Р	Q=1200т	1
46862	Солун-Будимпешта Ф.	Ф	Q=1200т	1
46869	Ференцварош-Солун	Ф	Q=1300т	1
47041	Скопје Југ-Илиенци	Р	Q=1300т	1
40763	Сопрон-Синдос	Р	Q=1300т	2
40765	Сопрон-Солун	Ф	Q=1300т	2
40767	Братислава-Пиреа	Р	Q=1200т	2
40875	Куртичи-Синдос	Ф	Q=1300т	2
40879	Сопрон-Пиреа	Ф	Q=1200т	2
41701	Београд Сур.-Солун	Р	Q=1200т	2
42701	Врање-Трубарево	Ф	Q=1200т	2
42703	Врање-Трубарево	Ф	Q=1200т	2
42711	Црвени Крст-Трубарево	Ф	Q=1300т	2
44705	Белград Р.-Солун	Ф	Q=1300т	2
44707	Белград Р.-Солун	Р	Q=1300т	2
45201	Трубарево-Солун	Р	Q=1300т	2
45203	Трубарево-Солун	Ф	Q=1300т	2
45205	Трубарево-Солун	Ф	Q=1300т	2
45241	Градско-Солун	Ф	Q=1300т	2
45251	Скопје Југ-Солун	Ф	Q=1300т	2
45701	Ниш Р.- Трубарево приемна	Р	Q=1300т	2
45703	Ниш Р.- Трубарево приемна	Р	Q=1300т	2
45711	Белград Р.-Скопје Товарна	Р	Q=1300т	2
45721	Прахово-Скопје Југ	Ф	Q=1100т	2
46861	Ференцварош-Солун	ф	Q=1300т	2
46863	Сопрон-Солун	Ф	Q=1300т	2
46865	Сопрон-Солун	Ф	Q=1300т	2
46969	Штурово-Солун	Ф	Q=1300т	2
47040	Илиенци(БДЖ)- Скопје југ	Ф	Q=1300т	2
47042	Кремиковци(БДЖ)- Скопје југ	Р	Q=1300т	2
Пруга 4: Скопје(Трубарево)-Волково				
44980	ТрубаревоОтпремна Г.Јанковиќ	Р	Q=1200Т	
44981	Г.ЈанковиТрубаревоПриемна	Р	Q=1200Т	

4. ВРАБОТЕНОСТ

4. ВРАБОТЕНОСТ

Опис	Вкупно вработени на неопределено време на ден 31.12.2024год.	Вкупно вработени на определено време на ден 31.12.2024 год.	Пензионирање во текот на 2024год.	Пензионирање во текот на 2025 год.	Нови вработувања во текот на 2024год.	План на Вработени за 2025год.
1.ПОДРУЖНИЦА ЗА ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ	118		5	15		**15**
2.ПОДРУЖНИЦА ЗА ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ	117		7	10		**10**
3.ПОДРУЖНИЦА ЗА ВЛЕЧА НА ВОЗОВИ	300		32	31		**31**
4.ФИНАНСИИ СЕКТОР	12		3	1		**1**
5.ПРАВНА СЛУЖБА СЕКТОР	22		1	1		**1**
6.МАРКЕТИНГ - СЕКТОР	5		1			**0**
7.ГЕН. ДИРЕКТОР-СЕКТОР	43		2	1		**1**
8.УПРАВЕН ОДБОР	6	1		1	1	
ВРАБОТЕНИ :	**623**	**1**	**51**	**59**	**1**	**59**

Во текот на 2025 година, во согласност со позитивните законски прописи, во старосна пензија од ЖРСМ Транспорт А.Д. ќе заминат 59 вработени. Со нивното заминување потребно е да се превземат активности за нови вработувања како не би дошло до нарушување на технолошкиот процес на работа.

СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ	БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВО 2024	БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВО 2024	ПЛАН НА НОВОВРАБОТЕНИ ВРАБОТЕНИ ЗА 2025
I	14		
II	14		
III	129		5
IV	312		40
V Б	67		2
V А	8		
VI Б	19		2
VI А	46	1	10
VII Б	1		
VII А	12		
VIII	1		
Вкупно	**623**	**1**	**59**

5. ПЛАТИ

5. П Л А Т И

Движењето на платите во ЖРСМ Транспорт А.Д. - Скопје е во согласност со Колективен Договор и Законот за исплата на платите во Република Македонија – пречистен текст (Сл. Весник 26/2013) .

Потребните средства за исплата на бруто платите за ЖРСМ-Транспорт А.Д. - Скопје за 2025 година се планира да изнесуваат околу **566.452** милиони денари. Износот е вклучен во финансискиот дел на Бизнис планот за 2025 година. Бруто платите се однесуваат за вработените на неопределено работно време, определено работно време и на нови вработувања.

ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТАТА ВО ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ

1.За секој вработен е утврден коефициент зависно од стручната подготовка и работното место

2.Корективен коефициент2,254 (Одлука број 1881/8-10 од 24.10.2023 година)
(поранешна категорија храна и превоз која согласно законски прописи претставува дел од основната плата)

3.Вредност на бодот (4.889 денари)
(Одлука 2671/1-16 од 28.11.2019 година)

4.Износ за работна успешност - квалитет кој изнесува 30%
(согласно Колективен договор и Одлука бр.311/1-2)

5.Коефициент за рационално искористување на работното време 0,20

6.На вредноста на основната плата се пресметува износ за работен стаж согласно Законски прописи (0,5% за секоја започната година)

7.Се исплатува прекувремена работа , работа ноќе, турнус, работа во неделен одмор , празник и неработни денови согласно Колективен договор

8. Деновите во: државен празник, користење на годишниот одмор, платено отсуство и боледување се пресметуваат врз основа просечната тримесечна саатнина

БРУТО ПЛАТИ ПО ПОДРУЖНИЦИ

(за период од 01.01-31.12.2024год.)

во денари

Опис	Нето плати	Придонеси	Персонален данок	Бруто плати
Подружница за патнички сообраќај	**63,472,578**	**26,811,989**	**5,472,582**	**95,757,149**
Подружница за товарен сообраќај	**68,619,204**	**29,054,390**	**6,092,147**	**103,765,741**
Подружница за Влеча на возови	**174,952,003**	**74,069,093**	**15,511,375**	**264,532,471**
Финансии сектор	**16,400,901**	**6,942,926**	**1,452,363**	**24,796,190**
Управен одбор	**7,126,388**	**3,044,245**	**701,680**	**10,872,313**
Маркетинг	**3,398,145**	**1,438,017**	**299,633**	**5,135,795**
Правен сектор	**23,447,083**	**9,925,127**	**2,074,620**	**35,446,830**
Генерален сектор	**4,071,247**	**1,724,023**	**361,924**	**6,157,194**
ВКУПНО	**361,487,549**	**153,009,810**	**31,966,324**	**546,463,683**

ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ

Преглед на реализирани средства за бруто плати и средства за ангажирање лица

	Реализирани средства за бруто плати							Реализирани средства за бруто плати									план за реализација на средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во ред. раб.однос		
	2024					реализирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во ред. раб.однос (претходна година)		2025											
	неопределено работно време		определено работно време/АПВ					неопределено работно време					определено работно време/АПВ						
Период	Износ во денари	Број на лица	Износ во денари	Број на лица	вкупно	Износ во денари	Број на лица	Износ во денари	Број на постојано вработени	Број на ново-вработени	план за плата за ново вработени	Број на испразнети раб. места по било кој основ **пензионирање**	Износ во денари	Број на лица	број на ново вработени	Број на испразнети раб.	вкупно	Износ во денари	Број на лица	вкупно
Јануари	43,557,182	680	496,478	4	**44,053,660**	2,288,203	80	44,095,387	618			5	130,411	1			44,225,798	790,704	24	45,016,502
Февруари	45,371,567	669	515,355	4	**45,886,922**	2,287,080	78	45,909,772	613			5	130,411	1			46,040,183	790,704	24	46,830,887
Март	45,084,785	657	515,355	4	**45,600,140**	2,987,688	108	45,622,990	611			2	130,411	1			45,753,401	790,704	24	46,544,105
Април	45,479,655	654	515,624	4	**45,995,279**	2,942,777	107	46,017,860	607			4	130,411	1			46,148,271	790,704	24	46,938,975
Мај	48,284,348	648	524,284	4	**48,808,632**	1,643,172	52	48,822,553	603	59	2,000,000.00	4	130,411	1			50,952,964	790,704	24	51,743,668
Јуни	46,438,116	648	513,147	4	**46,951,263**	1,572,385	49	46,976,321	599		2,000,000.00	4	130,411	1			49,106,732	790,704	24	49,897,436
Јули	44,843,672	652	258,601	5	**45,102,273**	901,722	36	45,381,877	591		2,000,000.00	8	130,411	1			47,512,288	790,704	24	48,302,992
Август	45,134,503	630	130,411	1	**45,264,914**	610,947	22	45,672,708	583		2,000,000.00	8	130,411	1			47,803,119	790,704	24	48,593,823
Септември	44,669,860	630	130,411	1	**44,800,271**	680,791	24	45,208,065	578		2,000,000.00	5	130,411	1			47,338,476	790,704	24	48,129,180
Октомври	44,816,385	628	136,106	1	**44,952,491**	818,548	27	45,354,590	572		2,000,000.00	6	130,411	1			47,485,001	790,704	24	48,275,705
Ноември	43,800,158	624	136,036	1	**43,963,194**	1,006,825	31	44,338,363	571		2,000,000.00	1	130,411	1			46,468,774	790,704	24	47,259,478
Декември	44,948,377	620	136,267	1	**45,084,644**	1,085,162	33	45,486,582	564		2,000,000.00	7	130,411	1			47,616,993	790,704	24	48,407,697
Вкупно	**542,428,608**		**4,008,075**		**546,463,683**	**18,825,300**		**548,887,068**	**564**	**59**	**16,000,000.00**	**59**	**1,564,932**				**566,452,000**	**9,488,448**		**575,940,448**
								ПЛАТА ЗА РЕДОВНО ВРАБОТЕНИ			**ПЛАТА ЗА НОВОВРАБОТЕНИ**		**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**					**Надомест за привремено вработени**		

Напомена ЖРСМ ТРАНСПОРТ ја завршил 2024год со 623 вработени 620зеле плата од компанија 3лица од фондот се на боледување.

Напомена Платите за привремено вработени се во табели планиран расход страна 37ставка бр216 и страна бр 25 ставка 217

6. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

6. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

ПРИХОДИ /РАСХОДИ

во илјада денари

ред. бр.	О П И С	П Р О Ц Е Н К А 31.12.2024			П Л А Н 2025		
		ПАТНИЧКИ	ТОВАРЕН	В К У П Н О	ПАТНИЧКИ	ТОВАРЕН	В К У П Н О
		1	2	3	4	5	6
1	**ВКУПНО ПРИХОДИ**	**433,745**	**783,881**	**1,217,626**	**343,637**	**482,245**	**825,882**
111	Приходи од патнички сообраќај	19,424	-	19,424	21,367	-	21,367
112	Приходи од стоков сообраќај	-	413,485	413,485	-	475,507	475,507
113	Приходи од колски денгуби - РИВ	-	-	-	-	-	-
114	Приходи од минати години	2,111	97	2,208	2,322	111	2,433
115	Останати приходи	1,700	1,287	2,987	1,870	1,482	3,352
116	Приходи од Влада	161,463	364,537	526,000	-	-	-
117	Приходи од буџет - ПСО	245,000	-	245,000	313,626	-	313,626
11	**Деловни приходи**	**429,698**	**779,406**	**1,209,104**	**339,185**	**477,100**	**816,285**
121	Вонредни приходи - отпис на обврски	-	-	-	-	-	-
122	Вонредни приходи - условен дисконт	-	-	-	-	-	-
123	Приходи од финансирање	4,047	4,475	8,522	4,452	5,145	9,597
2	**ВКУПНО РАСХОДИ**	**679,678**	**808,378**	**1,488,056**	**700,067**	**836,363**	**1,536,430**
211	Потрошен материјал и резер. делови	9,462	9,931	19,393	9,746	10,230	19,976
212	Потрошена нафта и бензин	25,128	37,991	63,119	25,882	39,130	65,012
213	Електрична енергија	20,823	31,128	51,951	21,446	32,063	53,509
214	Трошоци за одржување	4,918	28,954	33,872	5,065	29,823	34,888
215	Бруто плати	228,104	318,227	546,331	234,947	331,505	566,452
216	Надомест на вработени	19,668	24,459	44,127	20,258	25,193	45,451
217	Надомест на привремено вработени	6,085	14,199	20,284	6,268	14,624	20,892
218	Амортизација	191,166	101,495	292,661	196,901	104,539	301,440
219	Останати трошоци (тр.отпис инвентар, шпедиција, вода, ком.услуги, регист., репрезентација, пом.семејство, надз.одбор., семинари, списанија, здрав.пргл., судски трошоци...)	13,359	22,113	35,472	13,760	22,776	36,536
220	Трошок за расх. основни средства	-	-	-	-	-	-
221	Трошоци за меѓ.стоков сообр.- РИВ	-	5,568	5,568	-	5,734	5,734
222	Исправка на вред. од сом. и спр.поб.	-	-	-	-	-	-
223	Останати оперативни трошоци (тр.дневн.служ.пат, отпремнина за пензија, тр.за аген., тр.адв.усл., тр.п.п заштита, тр.стоп.крим.)	3,723	10,515	14,238	3,835	10,833	14,668
224	Трошоци за Инфраструктура	127,420	119,689	247,109	131,242	123,281	254,523
22	**Деловни трошоци**	**649,856**	**724,269**	**1,374,125**	**669,350**	**749,731**	**1,419,081**
225	Расходи од финансирање (кам.,к.р.)	29,822	84,109	113,931	30,717	86,632	117,349
3	**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (ДОБИВКА/ЗАГУБА)**	**-245,933**	**-24,497**	**-270,430**	**-381,057**	**-350,386**	**-731,443**

ЗАБЕЛЕШКА

- На проценката од 31.12.2024 во планирање на приходи за 2024 се додава **15**%,товарен, 10% патнички а за планирани расходи **3**%
- Приходи од Влада за 2024 се: **526.000.000** денари, а се иземаат приходите од Влада и РИВ за 2025 година
- Приходи по основ на ПСО за 2024 се: **245.000.000** денари, а за ПСО за 2025: **289.000.000** денари
- Бруто плата за 2024: **546.463.683** денари (546.463.683 д.)

ЖРСМ Транспорт А.Д. Скопје во 2025 година, планира вкупни расходи во износ од **1.536.430** илјади денари додека планираните вкупни приходи изнесуваат **825.882** илјади денари. Транспортните приходи се планира да изнесуваат **496.874** илјади денари. Друштвото 2025 година, ќе ја заврши со загуба од **731.443** илјади денари. Се планираат буџетски средства од **313.626** илјади денари за подобрување на состојбите во патничкиот сообраќај.

6.1. Патнички сообраќај

Вкупните приходи од патничкиот сообраќај за 2025 година, се планира да изнесуваат **343.637** илјади денари и истите не се доволни да ги покријат трошоците кои се планира да изнесуваат околу **700.067** илјади денари при што се очекува загуба од **381.057** илјади денари. Приходите од продажбата на билетите во локалниот и меѓународниот сообраќај се планира да изнесуваат **21.367** илјади денари, а финансиската подршка од буџетот (ПСО) се планира да изнесува **313.626** илјади денари. За поефикасно работење во патничкиот сообраќај потребно е поголемо учество –субвенција од државата, без кое друштвото нема да биде во можност да оствари нормално тековно работење.

6.2. Товарен сообраќај

Приходот од товарниот сообраќај за 2025 година, се планира да изнесува **482.245** илјади денари и истите не се доволни да ги покријат трошоците кои се планираат да изнесуваат **836.363** илјади денари, со тоа ќе се направи загуба од **350.386** илјади денари. Најголемо учество во деловните приходи ќе има приходот од превоз на стока во износ од **475.507 илјади денари**. Планираните трошоци за тековно и инвестиционо одржување, енергијата како и делот за надомест на користење на инфраструктурата се во корелација со реалните потреби на друштвото. Товарниот сообраќај не е во состојба да ја покрива загубата во патничкиот сообраќај и претставува лимитирачки фактор во целокупното работење на Друштвото.

7. ИНВЕСТИЦИИ

7.0 ИНВЕСТИЦИИ

7.1. ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

7.1.1 Влечни средства

Во 2025 година, се планира извршување на работи на инвестиционо одржување на влечните средства за вкупно 11 влечни средства со вредност од околу **588.000.000** денари.

План на локомотиви за влез во инвестициона поправка во 2025 година

(во денари)

Серија на локомотиви	Инвентарски парк	Влезени во инвестициона поправка	План 2025
441/442	11	0	2
Вкупно денари			123.000.000
461	3	0	2
462	2	0	2
Вкупно денари			260.000.000
661	14	0	3
Вкупно денари			145.000.000
621	2	0	0
Вкупно денари			0
642/643	8	0	1
Вкупно денари			60.000.000
667	2	0	0
Вкупно денари			0
443	4	0	0
Вкупно денари			
Вкупно локомотиви	**46**	**0**	**10**
Вкупно денари			**588.000.000**

Напоменуваме: Инвестиционо одржување (ремонт на локомотиви) е неопходно за непречено функционирање на железничкиот сообраќај и планираните средства ќе бидат обезбедени од кредити/заеми и од буџетски средства за одржување на патничкиот сообраќај.

7.2.2 ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

А. ПЛАН НА РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ДМВ И ЕМВ ГАРНИТУРИ ВО 2025 ГОДИНА

(во денари)

Опис	**План за 2025 година**
ДМВ 712	1(една)
Вкупна инвестиција	**6.000.000**

Во 2025 година, се планира модернизација и реконструкција на 1 ДМВ-гарнитура серија 712 со вкупна вредност од околу 6.000.000,00 денари. Средствата ќе бидат обезбедени од сопствен буџет на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.

Б. ПЛАН ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПАТНИЧКИ ВАГОНИ ВО 2024 ГОДИНА

(во денари)

Серија на вагон за ревизија	**Број на вагони**	**Број на осовини**	**Планирани средства за 2025 година**
А,Б седечки вагон	10	4- осни	
Вкупно денари			45.000.000,00
Вкупно вагони	10	4 -осни	45.000.000,00

Во 2025 година, се планира модернизација и реконструкција на 10 патнички вагони со горенаведените карактеристики за потребите на локалниот и меѓународниот сообраќај, со вкупна вредност од околу **45.000.000,00** денари. Просечно по вагон реконструкцијата ќе чини околу **4.500.000,00** денари. Финансиските средства ќе бидат обезбедени од средства од Буџетот предвидени за субвенционирање на трошоците во патничкиот сообраќај.

Шест од овие патнички вагони (серија А,Б)и четири кушет вагони (серија БЦ) потребно е да се реконструираат во Колска Велес или надвор од Македонија и да се завршат до крајот на 2025 година од причина што со возен ред 2024/2025 планирано е враќање на редовната меѓународна линија на релација Скопје –Белград-Солун и обратно.

7.2.3 ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА ТОВАРНИ ВАГОНИ

Инвентарскиот парк на ЖРСМ Транспорт А.Д., во 2025 година, го сочинуваат 1382 товарни вагони (од сите серии). Во 2025година, се планира ревизија на 160 вагони согласно Правилникот 241 и важечките стандарди на УИЦ и РИВ. Средствата за оваа намена се планираат да изнесуваат **61.450.000,00** денари и ќе бидат обезбедени од сопствени извори и други извори на финансирање.

,



РЕВИЗИЈА НА ТОВАРНИ ВАГОНИ ЗА 2025год

(во денари)

Серија на вагон за ревизија	Број на осовини	План за 2025 година (број на вагони)	Единечна цена по вагон	Вкупно по вид на вагон
Rgs	4	15	400.000	6.000.000
Eas	4	62	400.000	24.800.000
G	2	1	350.000	350.000
F	4	12	400.000	4.800.000
Za	4	20	400.000	8.000.000
K	2	50	350.000	17.500.000
Вкупно		160		**61.450.000**

Напомена: Единечната цена на Eas вагони со дрвен под за ревизија е поголема поради пренамена од дрвен под во метален под

7.3 ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

- Инвестиционо одржување на влечни средства (7.2.1)
- Инвестиционо одржување на товарни вагони (7.2.3)

7.4 Дигитализација и Надградба на ИТ Инфраструктурата на Железници на Северна Македонија – Транспорт (ЖРСМ Транспорт)

1. Вовед

Проектот за дигитализација и надградба на ИТ инфраструктурата претставува клучен чекор во модернизацијата на „ЖРСМ Транспорт“. Овој проект е дел од севкупниот реформски план за периодот 2025-2030 и има за цел да ја зголеми ефикасноста, безбедноста и конкурентноста на железничките услуги преку автоматизација на процесите, воведување на ERP систем и сајбер безбедносни решенија.

2. Цели на Проектот

- Модернизација на застарената ИТ мрежа – инсталација на нови сервери, рутери и мрежна опрема.
- Имплементација на ERP систем за интегрирано управување со ресурсите и деловните процеси.
- Автоматизација на административните и логистичките процеси за намалување на времето за обработка на документи.
- Зголемена сајбер безбедност – воведување на firewall, VPN и системи за заштита на податоците.
- Обука и развој на вработените во насока на користење на новите системи и технологии.

3. Опис на Фази на Имплементација

Фаза 1: Анализа и Проценка (Јануари 2025 – Март 2025)

- Аудит на постоечката ИТ инфраструктура и идентификација на технолошките недостатоци.
- Проценка на човечки ресурси и техничка подготвеност.
- Изготвување на извештај со препораки за надградба.

Фаза 2: Техничка Спецификација и Планирање (Април 2025 – Јули 2025)

- Изработка на технички барања за набавка на сервери, мрежна опрема и софтвер.
- Подготовка на тендерска документација.
- Планирање на буџет и финансиски извори.

Фаза 3: Набавка и Инсталација (Август 2025 – Јануари 2026)

- Набавка и инсталација на нова опрема (сервери, рутери, свичеви).
- Имплементација на ERP систем и интеграција со постоечките бази на податоци.
- Тестирање и пилот-проект на една локација.

Фаза 4: Интеграција и Оперативност (Февруари 2026 – Декември 2026)

- Воведување на новите системи на сите локации.
- Обука на вработените за работа со ERP системот и мрежната инфраструктура.
- Целосна оперативност и воспоставување на оддел за ИТ поддршка.

4. Буџет и Финансирање

Фаза	Активности	Проценет Трошок (EUR)	Извор на финансирање
Фаза 1: Анализа и Проценка	Аудит на ИТ инфраструктурата	35,000	ЕУ фондови / Зелени грантови
Фаза 2: Спецификација и Планирање	Изработка на техничка спецификација	20,000	Буџет на компанијата / Зелени фондови
Фаза 3: Набавка и Инсталација	Набавка и инсталација на сервери и опрема	50,000	Буџет на компанијата / Зелени фондови
	Имплементација на ERP систем	50,000	ЕУ фондови / Национални програми
Фаза 4: Интеграција и Обука	Обука и проширување на системите	50,000	Буџет на компанијата
Вкупно		**205,000**	

5. Клучни Индикатори за Успех (KPIs)

Индикатор	Цел за 2027	Цел за 2030	Извор на финансирање
Дигитализација на документи	75%	100%	ЕУ фондови / Зелени грантови
Време на обработка на документи	30 мин	10 мин	Буџет на компанијата / Зелени фондови
Успешна имплементација на ERP систем	60%	100%	Буџет на компанијата / Зелени фондови
Сајбер безбедносни инциденти	2 годишно	0	ЕУ фондови / Национални програми
Достапност на системи (Uptime)	98%	99.9%	Буџет на компанијата

Заклучок

Овој проект ќе ја зголеми ефикасноста на железничките услуги, ќе придонесе кон значителни заштеди и ќе ја подготви компанијата за модерни предизвици.

План за енергетска ефикасност на „Железници на Северна Македонија – Транспорт“ (2025-2027)

1. ВОВЕД

Овој план претставува стратегија за рационализација на потрошувачката на електрична енергија и воведување мерки за енергетска ефикасност (ЕЕ) во Железници на РСМ – Транспорт. Планот се фокусира на намалување на оперативните трошоци преку примена на обновливи извори на енергија, подобрување на системите за греење и осветлување, како и оптимизација на постоечките инфраструктурни капацитети.

2. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

- Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 15% до 2027 година.
- Зголемување на користењето на обновливи извори на енергија.
- Намалување на трошоците за греење преку транзиција кон централно греење.
- Модернизација на системите за осветлување и воведување паметни системи за контрола на енергијата.

3. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

3.1. ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРАНА НА КРОВ НА РАБОТИЛНИЦИ И СКЛАДОВИ

- **Капацитет:** 500 kW
- **Локација:** Работилница за одржување и сервис во Скопје
- **Време на имплементација:** 2025-2026
- **Опис:** Инсталација на фотонапонски панели за директна потрошувачка и напојување на административните згради и работилници. Вишокот електрична енергија ќе биде испорачуван во мрежата.



3.2. ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ

- **Локација:** Административна зграда и работилница во Скопје
- **Време на имплементација:** 2025
- **Опис:** Приклучување на градско централно греење со цел заменување на старите котли на мазут. Оваа мерка ќе намали трошоци за греење за 25% и ќе ја зголеми енергетската ефикасност на зградите.



3.3. ЗАМЕНА НА ПОСТОЕЧКО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО LED

- **Локација:** Станици, работилници и административни згради
- **Време на имплементација:** 2025-2026
- **Опис:** Замената на старите флуоресцентни и натриумови светилки со LED осветлување ќе овозможи заштеда од 30% на потрошувачка на електрична енергија за осветлување.

3.4. ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИТЕ

